**20180160170**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 16 став 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.1.2018 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА РАНА ДЕТЕКЦИЈА НА МАЛИГНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2018 ГОДИНА

Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Република Македонија за 2018 година се однесува на:

**I. Скрининг рак на грло на матка**

**II. Опуртунистички скрининг на колоректален карцином во Република Македонија**

**III. Преглед на пациенти за рано откривање на карцином на простата (возрасна група 50-55 години) со фамилијарен ризик од 45-50 години**

**IV. Организиран скрининг за рана детекција на рак на дојка**

**V. Формирање на тимови за конзилиарно мислење (тумор борд) за секој заболен од малигно заболување**

## I. Скрининг рак на грло на матка 2018-2019 година

Ракот на грлото на матката е на третото место по зачестеност од сите малигни заболувања на женскиот генитален тракт, по карциномот на ендометриум и оваријалниот со околу 500.000 новорегистрирани случаи секоја година. Преку 80% од случаите на рак на грлото на матката и смрт од оваа болест се регистрирани во земјите во развој. Годишната инциденца во САД е 6,6 на 100.000 жени, според податоците на САД во 2008. Но, стапка на морталитет од цервикален карцином во САД е драматично намалена по имплементација на скрининг тестот за цервикален карнцер и повеќето случаи се јавуваат кај жени кои немале адекватен скрининг. Стратегиите се со цел да се обезбеди сите жени да бидат скрининрани на адекватен временски интервал и потоа да добијат адекватно следење.

Фрекфенцијата на ракот на грлото на матката е намалена за 50% во последните 30-40 години, како што е веќе погоре напоменато, поради зголемување на ефикасноста на рано откривање (ексфолијативна цервикална цитологија) и превенција (третман на преинвазивни лезии). Сепак, 1-2% од жените над 40 години ќе развијат рак на грло на матка. Во Европа се уште од рак на грлото на матката заболуваат околу 65.000, а умираат 32.000 жени годишно. Во Република Македонија стапката на новорегис-трирани случаи на рак на грлото на матката е 22.5 на 100.000 жители.

Заштита постои и се состои редовни гинеколошки прегледи со ПАП тест и вакцинација.

### *1. Цели на програмата*

1.1. Општа цел

- Намалување на инциденца и смртност на жената од рак на грло на матка во Република Македонија

1.2. Специфични цели

- Вклучување на сите матични гинеколози на ниво на цела држава во организираниот скрининг
- Подигање на свеста на жената за важноста на редовни прегледи и рано откривање на промените на грлото на матката и информирање за важноста од скрининг
- Обезбедување на поддршка на Програмата на ниво на држава
- Дефинирање на улогата на здравствени установи на сите нивоа на здравствена заштита во превенција и лечење на ракот на грлото на матка

***2. Методологија на скринингот***

На ниво на целата држава, за жените кои имаат избрано матичен гинеколог скринингот го вршат гинеколозите од ПЗУ согласно превентивните цели пропишани од ФЗОМ: гинеколошки преглед, земање на брис, припрема и доставување на материјалот за цитолошка анализа. Земениот материјал за цитолошка анализа се испитува во цитолошката лабораторија во болниците низ цела држава, цитолошки лаборатории кои имаат склучено договор со ФЗОМ за здравстевена услуга читање на ПАП тест како и Клиниката за гинекологија и акушерство. Фактури и извештаи за извршените активности се доставуваат до Министерството за здравство квартално. Согласно доктринарните ставови целна група за скрининг се жени на возраст од 24-60. Препорачан временски интервал за изведување на скринингот е 3 години. Оваа година со скринингот се предвидени жените на возраст од 24 - 35 години. Со скринингот, исто така ќе се опфатат и жените на возраст од 24 - 60 кои во текот на 2016 година не направиле ПАП тест. Како извршители на Програмата се околу 140 матичните гинеколози на ниво на цела држава, односно апроксимативно се прикрепени 500 000 пациентки.

***3. Индикатори на спроведување на програмата***

3.1. Индикатори на процес на спроведување и следење

- Број и процент на жени кои се јавиле на повикот после првиот или наредниот повик кај матичниот гинеколог
- Број на жени кај кои е направен ПАП тест
- Број и процент на жени кои не се јавиле на повикувачките писма
- Број и процент на позитивни тестови
- Број на пронајдени ASC-US
- Број на пронајдени ASC-H
- Број на пронајдени HPV
- Број на пронајдени CIN 1
- Број на пронајдени CIN 2
- Број на пронајдени CIN 3
- Број на пронајдени CIS
- Број на пронајдени AGC
- Број на пронајдени AIS
- Број и процент на негативни тестови

Наведените процесни и индикатори на успешност се елементи за пишување на периодични извештаи за спроведените активности на сите нивоа на здравствена заштита. Показателите на успешност на спроведување на скринингот се елементи со кои се планираат понатамошни активности на здравствениот систем со цел намалување на инциденца и смртност од рак на грло на матка.

***4. Финансирање на програмата***

Министерството за здравство ќе ги распределува средствата на јавните здравствените установи, приватните здравствени установи кои имаат потпишано договор со ФЗОМ и други извршители на активностите за реализација на скринингот на рак на грло на матка квартално, врз основа на доставени фактури и извештаи. Активности со мобилна гинеколошка ординација во соработка со НВО од областа на здравството - совети за превенција од сексуално преносливи инфекции - дијагностицирање на сексуално преносливи инфекции - лекување на сексуално преносливи инфекции - ПАП тест - гинеколошки ехо – преглед.

Табела 1

| Ред бр. | Вид на мерки | Извршители | Обем на активност | Цена по услуга | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Координирање на активностите, со останатите извршители, промоција на скринингот, повикување на | Матични гинеколози | Поканување на околу 20.000 жени | 30,00 денари по покана | 600.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | жените на возраст од 24-35 години Активност на матични гинеколози (оние кои имаат потпишано договор со ФЗОМ) | | | | |
| 2. | Координирање на актив-ностите, со останатите извршители, промоција на скринингот, прегледи Активност на матични гинеколози (оние кои имаат потпишано договор со ФЗОМ) | Матични гинеколози | Дополнителни трошоци за преглед и доставување на материјал на 25.000 жени | 200,00 денари од земен ПАП | 5.000.000,00 |
| 3. | Партиципација за цитолошка анализа - активност за Цитолошките лаборатории во јавно здравствените установи и оние кои имаат потпишано договор со ФЗОМ за здравствената услуга читање на ПАП тест | Цитолошките лаборатории во јавно здравствените установи и оние кои имаат потпишано договор со ФЗОМ | 20.000 жени | 60,00 денари | 1.200.000,00 |
| 4. | Координација на скринин-гот од страна на 10-те Центри за јавно здравје | 10 ЦЈЗ | 10 | 40.000,00 | 400.000,00 |
| 5. | Активности со мобилна гинеколошка ординација во соработка со НВО од областа | Цитолошките лаборатории во јавно здравствените установи и оние кои имаат потпишано договор со ФЗОМ како и матични гинеколози кои ќе даваат услуги | 12 месеци | 41.666,00 месечно, за земени 200 пап-тестови месечно | 500.000,00 |
| 6. | Подготовка на предлог модел за национален скрининг за рак на грло на матката кој ги следи меѓународните упатства и е соодветен на националниот контекст - Усогласување со Евроспки директиви за скрининг (организација на состаноци на работна група) | Институт за јавно здравје, матични гинеколози при МЛД | Изработка на 1 модел за национален скрининг за рак на грло на матката | 60.000,00 | 60.000,00 |
| 7. | Изготвување на клиничко упатство за превенција скрининг на рак на грло на матка (алгоритам), усогласување со препораки на СЗО (организација на состаноци на работна група) | Институт за јавно здравје | Изготвување на 1 клиничко упатство | 60.000,00 | 60.000,00 |
| 8. | Изготвување на протокол (водич) за процесот на земање брис за ПАП, фиксација, транспорт, обработка на материјалот, информирање на пациентот/матичниот гинеколог за наодот од цитолошката лабораторија (организација на состаноци на работна група) | Институт за јавно здравје | Изготвување на протокол | 60.000,00 | 60.000,00 |
| 9. | Изготвување на анализа-проценка на капацитетите на постоечкиот кадар (гинеколози, патолози, цито-скринери, биолози, патронажни сестри) и опрема (ПАП и ХПВ тестирање) (организација на посети, работа на работна група) | Институт за јавно здравје | Изготвување на анализа | 60.000,00 | 60.000,00 |
| 10. | Организирање на кампања за подигнување на свеста кај општата популација за скрининг на рак на грло на матка преку медиумите и преку акушерите/ гинеколозите, | Институт за јавно здравје, Центри за јавно здравје, Македонско лекарско друштво, НВО | Организирање на кампања | 200.000,00 | 200.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | општите лекари, патронажните сестри и здравствените медијатори за Ромите | | | | |
| 11. | Изготвување на едукативни/информативни материјали плакати, брошури | Институт за јавно здравје, Центри за јавно здравје, Македонско лекарско друштво, НВО | Изготвување на едукативни/информативни материјали | 30.000,00 | 30.000,00 |
| 12. | Изработка на софтверско решение за поврзување на податоците од матичен гинеколог, лабораториски и други резултати, Усогласување на системот за обработка на податоци и известување | Институт за јавно здравје и Управа за електронско здравство | Изработка на софтверско решение | 300.000,00 | 300.000,00 |
| 13. | Месечни и квартални извештаи за скрининг на рак на грло на матка, за состојбата и постигнатите резултати, евалуација и мониторинг за 2018 година | Институт за јавно здравје | 12 месечни и 4 квартални извештаи | 180.000,00 | 180.000,00 |
| 14. | Долгови од 2016 и 2017година | | | | 1.900.000,00 |
| | **ВКУПНО:** | | | | 10.550.000,00 |

***5. Извршители на програмата***

- Институт за јавно здравја на РМ
- Општи болници на ниво на цела држава
- Цитолошки лаборатории со потпишан договор со ФЗО за здравствена услуга читање на ПАП тест
- Матични гинеколози на ниво на цела држава
- Општи болници на ниво на цела држава, Клинички болници на ниво на цела држава, како и Клиника за гинекологија и акушерство и Специјална болница за гинекологија и акушерство Мајка Тереза- Скопје
- Мобилна гинеколошка ординација во кординација со НВО од областа на здравството
- Управа за електронско здравство.

***6. Мониторинг и евалуација***

Мониторинг и евалуација се планира да спроведува Институтот за јавно здравје на Република Македонија врз основа на базата на податоци која ја поседува за организиран скрининг и изготвување на периодични извештаи како сублимат од извештаите од Цитолошките лаборатории. Основна обврска на овластените извршители на Програмата се континуирано внесување, праќање и ажурирање на податоците за организиран скрининг Институтот за јавно здравје на Република Македонија ќе врши евалуација на сите активности на скринингот и доставување на извештаи, врз основа на показателите за успешност кои се јасно определени.

**II. Опуртунистички скрининг на колоректален карцином во Република Македонија**

***1. Цел на програмата***

Целта на програмата е намалување на морбилитетото и морталитетот на населението во Република Македонија од рак на дебело црево. Стратегијата за подобрување на раното откривање на ракот на дебело црево подразбира и подобра информираност на населението за значењето на раното откривање на ракот на дебелото црево и едукација на здравствениот кадар за самата програма.
Активности:

***2. Спроведување на скринингот***

- Скринирањето ќе се изведува со тестот за детекција на окултно крварење – ФОБТ (Fecal Occult Blood Test – FOBT). Министерството за здравство ги набавува ФОБ тестовите и ги распоредува по Центрите за јавно здарвје според бројот на жители на подрачјето кое го покриваат.

- Секој граѓанин на возраст од 50-70 години можат да си го оставарат правото на бесплатен ФОБ тест одејќи во ЦЈЗ одговорно за нивното подрачје.

- Центарот за јавно здравје ќе врши анализа на доставениот материјал со примена на ФОБ-тестот – за резултатот го известува пациентот и го упатува на консултација кај матичниот лекар.

- На пациентите/семејствата со покачен ризик за заболување ќе бидат советувани и упатувани на колоноскопија од страна на матичните лекари.

- Координатор на скринингот ќе биде Институтот за Јавно здравје на Република Македонија, кој ќе биде задолжен за координација на сите активности во државата, стручно методолошка помош на Центрите за јавно здравје, изготвување и водење на Регистер за КРК. Институтот за Јавно здравје ќе доставува до Министерството за здравство тромесечни извештаи и фактури за извршениот скрининг во Република Македонија. Министерството за здравство ќе доставува финансиски средства и до извршителите – Центрите за јавно здравје.

- Центрите за Јавно здравје ќе бидат задолжени за координација на активностите на своето подрачје

- Очекуваниот одзив на поканите за скрининг од вкупниот број на испитаници на возраст од 50-70 години е околу 10.000 испитаници, за кои ќе бидат потребни по 3 теста за испитаник.

*3. Едукација на матичните лекари од ПЗЗ* за советување на пациентите за употреба на китовите за ФОБТ, идентификација на пациентите со висок ризик како и за упатување до Центрите за јавно здравје. Оваа активност ја изведуваат Центар за семејна медицина Медицински факултет.

***4. Индикатори на спроведување на програмата***

4.1. Индикатори на процес на спроведување
- Број и процент на луѓе кај кои е направен ФОБТ тест
- Број и процент на луѓе кои го земале резултатот
- Број и процент на неадекватни тестови

4.2. Индикатори на успешност на спроведување на скринингот се:
- Број и процент на опфаени лица со Програмата
- Број и процент на позитивни тестови
- Број и процент на лица препратени на колоноскопија

***5. Финансирање на програмата***

Табела 2.

| Реден број | Мерки | Извршители | Финансиски средства/денари |
|---|---|---|---|
| 1. | Анализа на ФОБ тест, известување, водење евиденција | 10 ЦЈЗ<br>10.000пациенти X 50,00денари | 500.000,00 |
| 2. | Координација на скринингот од страна на 10-те Центри за јавно здравје | 10 ЦЈЗ<br>10 X 30.000,00ден | 300.000,00 |
| 3. | Едукација на матични доктори | Центар за семејна медицина, Медицински факултет | 100.000,00 |
| 4. | Месечни и квартални извештаи за скрининг на рак на дебело црево, за состојбата и постигнатите резултати, евалуација и мониторинг за 2018 година | Институт за јавно здравје | 180.000,00 |
| | Осмислување , подготовка и | Институт за јавно здравје | 200.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | печатење на промотивен материјал (постери, флаери, упатства за употреба на ФОБ-тестови за пациенти, упатство за работа на здравствениот персонал) | | |
| | **ВКУПНО:** | | 1.280.000,00 |

Финансиски средства за реализација на скрининг на колоректалниот карцином (крк) Министерството за здравство ќе ги распределува средствата на јавните здравствените установи и извршители на активностите за реализација на скринингот на колоректален карцином, врз основа на доставени фактури и извештаи, по завршена и реализирана активност.

***6. Извршители на програмата***

- Институт за јавно здравја на Република Македонија
- 10- те Центри за јавно здравје
- Матични лекари на ниво на цела држава
- Центар за семејна медицина
– Медицински факултет

***7. Мониторинг и евалуација***

Мониторинг и евалуација се планира да спроведува Институтот за јавно здравје на Република Македонија врз основа на базата на податоци која ја поседува за организиран скрининг и изготвување на перодични извештаи како сублимат од извештаите од Центрите за јавно здравје. Основна обврска на овластените извршители на Програмата се континуирано внесување, праќање и ажурирање на податоците за организиран скрининг Краткорочната проценка на успешноста на спроведување на Програмата се вреднува со одзивот на насе- лението, брзината на известување за позитивен наод и упатување на колоноскопија, каков е односот према понатамошните испитувања на лицата кај кој е најден позитивен тест. Долгорочна проценка на спроведување на Програмата се однесува на намалување на стапката на морталитет, морбилитет и инциденца. Индикатори на следење на Програмата се: ниска стапка на популација заболена од рак на дебело црево, број на извештаи за направени превентивни прегледи предвидени со Програмата, број на едуцирани здравствени работници, број на здравствени установи кои се опремени за спроведување на систематски прегледи. Институтот за јавно здравје на Република Македонија ќе врши евалуација на сите активности на скринингот и доставување на извештаи, врз основа на показателите за успешност кои се јасно определени.

**III. Преглед на пациенти за рано откривање на карцином на простата (возрасна група 50-55 години) со фамилијарен ризик од 45-50 години**

Министерството за здравство од оваа програма ќе ја плаќа партиципацијата за ПСА тестот и за дигитален ректален преглед за возрасна група 50-55 години и оние со фамилијарен ризик од 45-50 години. Матичните доктори ќе препорачуваат на сите мажи на возраст од 50-55 години и оние со фамилијарен ризик од 45-50 години да направат превентивен преглед на секунадрно ниво и за истото ќе им издадат упат.

Табела 3

| **Реден број** | **Мерки** | **Извршители** | **Услуга** | **Финансиски средства** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Превентивен преглед на пациенти за рано откривање на карцином на простата (возрасна група 50-55 години) со фамилојарен ризик од 45-50 години | Универзитетски клиники, Клинички и општи болници | Партиципација за PSA тест и ректално туше<br>50,00 x 20.000 мажи | 100.000,00 |
| | ВКУПНО: | | | 100.000,00 |

Министерството за здравство месечно ќе ги распределува средствата на јавните здравствените установи и извршители на активностите преглед на пациенти за рано откривање на карцином на простата (возрасна група 50-55 години) со фамилијарен ризик од 45-50 години, врз основа на доставени фактури и извештаи.

**IV. Организација на мамографски скрининг за карцином на дојка**

***1. Општа цел***

Скрининг мамографијата претставува периодично правење на мамографија на здрава женска популација, без присутни симптоми, со цел да се открие рак на дојката во неговиот претклинички стадиум. Со раната детекција се продолжува животот на жената и се намалуваат трошоците за лекувањето. Ракот на дојка е најчесто малигно заболување кај жената и водечка причина за смртност. Една од осум жени ќе се соочи со ова заболување во својот животен век. Не постои превенција од рак на дојка, но раната детекција на карциномот ќе ја намали смртноста и до 30%. Единствена метода со најголема специфичност за рана детекција е мамографијата која радиологот ја интерпретира. Со мамографијата може да се детектира карциномот во неговата предклиничка фаза преку директни и индиректни знаци од обучен радиолог по технички добро направена мамографија од обучен радиолошки технолог на современ мамомат.
Министерството за здравство следејќи ги европските и светските насоки почна со организирана „Национална скрининг програма за рана детекција на рак на дојка“ во април 2015 во соработка со мамоматските кабинети во јавните здравствени установи. Набавени се нови дигитални мамомати во повеќе јавни здравствени установи, креирани се и посебни термини за изведување на скрининг, а центрите за јавно здравје посредуваат во закажување на термините.
Квалитетот на скинингот се обезбедува преку следните активности:
- Спроведување на едукација преку семинари, предавања од експерти од Македонија и странство
- Континуирана контрола на технички квалитет на мамоматите во Македонија
- Континуирана контрола на квалитет на вршење на мамографски преглед и интерпретација на мамографски наод
- Евиденција и статистичка обработка на резултати од дијагностичка и скрининг мамографија
- Зголемена информираност на населнието и матичните лекари.

***2. Спроведување на скринингот***

2.1. Мамографскиот скрининг се изведува во јавните здравствени установи кои имаат мамографски апарати (дигитални и аналогни). Мамографските кабинети при јавните здравствени установи одредуваат денови во текот на неделата во кои ќе вршат скрининг кој ќе биде истакнат на видно место во јавната здравствена установа.
2.2. Жени на возраст од 50-69 години се поканувaат за мамографски преглед на две години преку повикувачки писма/покани, кои се испраќаат по пошта користејќи податоци од компјутерски софтвер и хардвер кој е есенцијален елемент за повикување на жените, со кој се обезбедува повикување на жените кои никогаш немаат извршено мамогравски преглед. Тенденција во тек на 2018 година ке биде повикување на жените кои не се осигурани односно кои немаат регулирано осигурување.
2.3. Повиканите жени потребно е со себе да понесат покана - повикувачки флаер и здравствена книшка/лична карта заради личните податоци. Резултатите наодите се внесуваат во електронскиот регистар.

**3. Индикатори на успешност на спроведување на скринингот се:**

- Број и процент на повикани жени со Програмата,
- Процент на излезеност.

***4. Финансирање на активностите и извршители***

Преглед на активностите и потребните финансиски средства за реализација на активностите дадени се во табела број 1.

Табела број 4

| | Активност | Извршител | Финансиски средства |
|---|---|---|---|
| 1. | Одржување и надградба на компјутерски софтвер за формирање на е-регистер карциномот на дојка | Управа за електронско здравство | 200.000,00 |
| 2. | Изработка и печатење на промотивни материјали – флаери, постери | Институт за јавно здравје | 300.000,00 |
| 3. | Обезбедување средства за организација и повикување на жените и доставување на наоди | 10 Центри за јавно здравје | 1.000.000,00 |
| 4. | Обезбедување на средства за мамографски скрининг активности | Јавни здравствени установи | 5.620.000,00 |
| 5. | Координација за скрининг во ИЈЗ | Институт за јавно здравје | 40.000,00 |
| 6. | Организирање на кампања за подигнување на свеста кај општата популација за скрининг на рак на дојка преку медиумите | Институт за јавно здравје , во соработка со Центрите за јавно здравје , НВО | 200.000,00 |
| 7. | Изработка на индикатори за обработка на податоците собрани во УЕЗ | Институт за јавно здравје во соработка со УК за радиологија | 30.000,00 |
| 8. | Подготовка на табеларни прегледи со обработени податоци и индикатори | УЕЗ во соработка со ИЈЗ | 30.000,00 |
| 9. | Изготвување квартални извештаи и годишен извештај со резултати од скринингот | Институт за јавно здравје | 180.000,00 |
| 10. | Обуки на радиолошки технолози | УК за радиологија | 300.000,00 |
| 11. | Средства за екипите кои вршат контрола на мамографите | | 100.000,00 |
| 12. | Долгови за 2017 година | | 1.000.000,00 |
| | ВКУПНО: | | 9.000.000,00 |

Министерството за здравство месечно ќе ги распределува средствата на јавните здравствените установи и извршители на активностите за мамографски скининг врз основа на доставени фактури и извештаи, верификувани и одобрени од страна на Управата за електронско здравство.

Потребни финансиски средства за Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Република Македонија за координаторот Институт за јавно здравје на Република Македонија

**V. Формирање на тимови за конзилијарно мислење (тумор борд) за секој заболен од малигно заболување.**

Тимовите ќе бидат формирани од страна на Универзитетски клиники, Клинички болници и општи болници во Република Македонија.

Табела број 5

| Реден број | Мерки | Услуга | Финансиски средства |
|---|---|---|---|
| 1. | Тимови за конзилијарно мислење за секој заболен од малигно заболување | конзилијарно мислење | 1.500.000,00 |
| 2. | Долгови од 2016 и 2017година | | 1.570.000,00 |
| | ВКУПНО: | | 3.070.000,00 |

Тумор борд е тело составено од доктори од повеќе специјалности кое ќе ги разгледува сите случаи на карцином од соодветната специјалност и преку мултидисциплинарен пристап ќе го одредува текот на лекувањето и терапијата. Неизмирените обврски од Програмата за рана детекција на малигните заболувања во Република Македонија за 2016 и 2017 година ќе се исплаќаат од Програмата за рана детекција на малигните заболувања во Република Македонија за 2018 година.

Финансирање на програмата:

ЗБИРНА ТАБЕЛА

| ред. бр. | Активност | | финансиски средства |
|---|---|---|---|
| 1. | **Скрининг за рак на грло на матка** | **табела бр. 1** | 10.550.000,00 |
| 2. | **Опортунистички колоректален скрининг** | **табела бр. 2** | 1.280.000,00 |
| 3. | **Преглед на пациенти за рано откривање на карцином на простата** | **табела бр.3** | 100.000,00 |
| 4. | **Мамографски скрининг** | **табела бр. 4** | 9.000.000,00 |
| 5. | **Тимови за конзилијарно мислење** | **табела бр. 5** | 3.070.000,00 |
| | **ВКУПНО:** | **таб 1+2+3+4+5** | 24.000.000,00 |

Активностите предвидени со оваа програма ќе се реализираат во обем на средствата одобрени од Буџетот на Република Македонија наменети за Програмата за рана детекција на малигните заболувања во Република Македонија во висина од 24.000.000,00денари. Распределбата на средствата по оваа програма ќе ја врши Министерството за здравство на јавните здравствените установи, приватни здравствени установи кои имаат потпишано договор со ФЗОМ на РМ и други из- вршители на активностите наведени во Програмата, врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 44-457/1
23 јануари 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.